Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, став 1, точка 16, член 43, став 1 и 2 и член 44 од Законот за енергетика енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 44, став 3, член 45 и член 47 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на Република Македонија бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето УП1-11-42/17 од 14.03.2017 година на Друштво за трговија на големо и мало, угостителство и туризам МАРИЈА ТРЕИД ДОО увоз-извоз Велес, за менување и продолжување на лиценцата за вршење на енергетска дејност Трговија на големо со Течен нафтен гас (ТНГ) и постапувајќи по службена должност, на седницата одржана на 06.04.2017 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА МЕНУВАЊЕ И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО НАФТЕНИОТ ДЕРИВАТ ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС (ТНГ)

1. Одлуката за вршење на енергетска дејност Трговија на големо со нафтениот дериват течен нафтен гас (ТНГ), бр. 02-608/1 од 05.04.2007 година („Службен весник на РМ“ бр.45/07), издадена на Друштвото за трговија на големо и мало, угостителство и туризам МАРИЈА ТРЕИД ДОО увоз-извоз Велес, се менува во следното:
   - насловот на Одлуката се менува и гласи: „Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт – трговија на големо со течен нафтен гас (ТНГ)“.
   - во точката 1 од Одлуката, зборовите: „Трговија на големо со нафтениот дериват течен нафтен гас (ТНГ)“ се менуваат и гласат: „Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт – трговија на големо со течен нафтен гас (ТНГ)“.
   - точката 2 од Одлуката, се менува и гласи: „Правата и обврските на носителот на лиценцата за вршење на енергетската дејност Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт – трговија на големо со течен нафтен гас (ТНГ), се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетската дејност Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт – трговија на големо со Течен нафтен гас (ТНГ)“, кој што е составен дел на оваа Одлука.
   - во Прилогот 1 од Одлуката, точката 2 се менува и гласи:

     **„2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**

     Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт – трговија на големо со Течен нафтен гас (ТНГ).“
   - во Прилогот 1 од Одлуката, точката 4 се менува и гласи:

     „**4. период на продолжување на лиценцата:**

     10 години“
   - во Прилогот 1 од Одлуката, точката 5 се менува и гласи:

„**5. датум до кога важи лиценцата:**
6-ти април 2027 година**“**

- во Прилогот 1 од Одлуката, точката 6 се менува и гласи:
  „**6.Евидентен број на издадената лиценца**
  НД - 10.03.1/07.2/17“
- во Прилогот 1 од Одлуката, точката 9 се менува и гласи:
  „**9. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
  Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на дејноста трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.
  Како трговија на големо, во смисла на оваа лиценца се смета купување на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт – Течен нафтен гас (ТНГ), од земјата и странство заради натамошна продажба на трговци, преработувачи или потрошувачи во земјата и странство.“
- во Прилогот 1 од Одлуката, во точката 10, потточката 1 се менува и гласи:
  **„10. Деловни простори и простории во кои ќе се врши енергетската дејност со карактеристики на објектите, постројките, опремата и инасталациите**
  1. Приемот и испораката на нафтениот дериват течен нафтен гас (ТНГ), ќе се врши преку 5 (пет) резервоара со волумен од по 100 $м^3$ и 1 (еден) резервоар од 600 $м^3$ или вкупно 1100 $м^3$, кои се во сопственост на Друштвото за трговија на големо и мало, угостителство и туризам МАРИЈА ТРЕИД ДОО увоз-извоз Велес и се лоцирани во оштина Велес, КО Оризари.“
- во Прилогот 1 од Одлуката, точката 11 се менува и гласи:
  „ **11.Подрачје на кое ќе се врши дејноста**
  Дејноста Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт – трговија на големо со Течен нафтен гас (ТНГ) носителот на лиценцата може да ја врши на територијата на Република Македонија и во странство.“
- во Прилогот 1 од Одлуката, во точката 12, алинејата 5 се менува и гласи:
  „- ги почитува правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон, а особено Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности и Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари.“
- во Прилогот 1 од Одлуката, во точката 15, алинејата 1 се менува и гласи:
  „ - Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува податоци и информации согласно Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари.“
- во Прилогот 1 од Одлуката, во точките 16, 17 и 18 зборовите: „ Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности“ се заменуваат со зборовите: „Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.“

2. Табелата 1 која е составен дел од Прилогот 1 се брише.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за трговија на големо и мало, угостителтсво и туризам МАРИЈА ТРЕИД ДОО увоз-извоз Велес, до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на ден 14.03.2016 година, поднесе Барање за менување и продолжување на лиценцата за вршење на енергетска дејност Трговија на големо со Течен нафтен гас (ТНГ).

Барањето за менување и продолжување на лиценцата за вршење на енергетска дејност Трговија на големо со Течен нафтен гас (ТНГ) е заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под архивски број УП1-11-42/17 од 14.03.2017 година.

Од доставената документација се утврди дека Барањето за менување и продолжување на лиценцата за вршење на енергетска дејност Трговија на големо со Течен нафтен гас (ТНГ) со архивски број УП1-11-42/17, поднесено од страна на Друштво за трговија на големо и мало, угостителтсво и туризам МАРИЈА ТРЕИД ДОО увоз-извоз Велес, е согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“, бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16).

По поднесеното барање со потребната документација, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија спроведе постапка согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности и согласно член 20 став 1 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности донесе Заклучок УП 1 бр.11-42/17 од 29.03.2017 година за уредност на барањето.

Барателот постапувајќи согласно член 20 став 2 и член 21 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности го изготви и по одобрувањето од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија го објави текстот на Известувањето на неговото барање во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 31.03.2017 година. Во предвидениот рок од објавувањето на известувањето не беа доставени мислења и предлози од заинтересираните физички и правни лица.

Согласно член 33 од Законот за енергетика и член 26 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, одржа подготвителна седница на ден 05.04.2017 година.

Врз основа на член 22 став 1, алинеја 16, од Законот за енергетика и член 28 став 1 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на ден 06.04.2017 година, одржа редовна седница и донесе Одлука за менување и продолжување на лиценцата за вршење на енергетска дејност Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт – трговија на големо со Течен нафтен гас (ТНГ), на Друштво за трговија на големо и мало, угостителтсво и туризам МАРИЈА ТРЕИД ДОО увоз-извоз Велес.

Регулаторната комисија за енергетика може да поведе постапка за менување на лиценца за вршење на енергетски дејности по службена должност, доколку се појават значителни промени во условите за вршење на енергетската дејност, односно настанат промени на законите и другите прописи во Република Македонија, како и обврските коишто Република Македонија ги презела врз основа на ратификувани меѓународни договори, согласно член 43 став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 44 став 1 и 2 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“, бр. 143/11, 78/13, 33/15 и 207/16).

Согласно член 4 од Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари („Службен весник на РМ“ бр. 207/16 и 215/16), носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности се обврзани да доставуваат до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија податоци и информации потребни за функционирање на енергетските пазари на начин, во форма и според условите утврдени од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Постапувајќи по службена должност, а во врска со обврската на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности определена во член 4 од Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија ја утврди потребата од усогласување на обврските од лиценцата со другите акти на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на приемот.

**Претседател**

**Димитар Петров**

**УП1-11-42/17**
**06.04.2017 година**
**Скопје**

Изготвил: Јулијана Димоска-Исајловска
Контролирал: Виолета Чокузовска
Одобрил: Јулијана Димоска-Исајловска